Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од /Законот за локална самоуправа „Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05 и 7/09/, Советот на Општина Демир Хисар на 13 седница одржана на 26.12.2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Програма за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2014 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2014 година.

2.Заклучокот влгува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-942/3**
**26.12.2013 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Кире Ристевски**

*ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ*
*„КОМУНАЛЕЦ„*
*ДЕМИР ХИСАР*

# <u>ПРОГРАМА</u>

**За**
**РАБОТА НА ЈКП „ КОМУНАЛЕЦ„ ЗА 2014 ГОД.**

**2014год.**
**Декември,**
**Демир Хисар**

**Изработува**
**ЈКП „ Комуналец„**
**Демир Хисар**

# ПРОГРАМА

за работа на ЈКП Комуналец Демир Хисар за 2014 год

Комуналните дејности како стопанска дејност имаат значајно влијание врз целокупното живеење во урбаните средини и одвивање на стопанските и вон стопанските дејности.

Како дејности кои се од јавен интерес, нивниот развој е поврзан со растот и развојот на градот и населените места и непосредно влијаат на стандардот и културата на живеење.

Оттука зголемувањето и квалитетот на комуналните услуги, нивното осовременување и натамошниот развој е неминовен услов за подобрување на условите на живеење и заштита на животната средина.

Особено е значајно комуналните дејности да добијат соодветен третман и со своите функции да ги задоволат потребите на граѓаните за здраво, урбанизирано, естетско и организирано живеење.

Програмата за работа на ЈКП „ Комуналец„ Демир Хисар произлегува од обврските на Статутот и постоечката законска регулатива. Планирањето на задачите во програмата се наметнуваат од искуствата и постигнатите резултати од претходните години, со цел да се задржи физиономијата и насоката за понатамошно работење , водејќи сметка за понатамошниот развој и примена на современи технологии.

Во 2013 година, ЈКП „ Комуналец„ Демир Хисар започна полека да ги чувствува придобивките од четиригодишната санациона програма во финансиска смисла. Долговите кон вработените за плати и придонеси се исплатени во целост , електричната енергија се плаќа редовно.

Завршени се сите судски спорови И долговите кон тужителите целосно се исплатени .

Покажувајќи се како правилни мерки кои вградуваат со успех, ЈКП Комуналец Демир Хисар во 2014 година планира да ги продолжи следните активности:

- Продолжување со стабилизација на финансиската состојба со цел опстанок на претпријатието со намалување на сите непродуктивни трошоци,
- Зголемување на процентот на наплата со примена на сите законски средства што ни стојат на располагање.
- Мораториум на нерентабилни вработувања поради реална превработеност во одредени сектори.
- Зголемување на вкупниот приход на претпријатието по основ на извршување на дополнителни работи надвор од основната дејност , бидејќи ЈКП Комуналец Демир Хисар располага со техничка и стручна опременост за изведба на објекти од водоводна,канализациона и градежна област.
- Проширување на основната дејност водоснабдување и подигање на смет во рурални населени места каде моментално не стопанисуваме со водоснабдителните објекти, со цел да и во тие

средини се овозможи нормално и редовно водоснабдување и зачувување на здрава и чиста животна средина

Сепак тоа ќе зависи од деловната политика на основачот Општина Демир Хисар , во областа на комуналните дејности.

Цениме дека во текот на 2014 год. мора да се направат дополнителни напори за ангажирање на Претпријатието со цел да се обезбеди развој на ЈКП Комуналец, кое е крвоток на Општината во доменот на Комуналната сфера и ги извршува основните функции со што се препознава една урбана градска средина. Без ангажмани надвор од основната дејност ,ЈКП ,, Комуналец,, Демир Хисар тешко дека ќе може да го задржи позитивниот период на работење , односно пак би запливале во несигурни води на борба за опстанок.

Затоа предлагаме и бараме да при секоја можност и активност за вложување во комуналната инфраструктура , Општина Демир Хисар, треба во предвид да го земе фактот дека ЈКП ,, Комуналец,, Демир Хисар, со успех би ја извел таа активност.

- Задолжување на ЈКП Комуналец Демир Хисар пред финансиските институции со цел опремување со техничка опрема за нормално извршување на основните дејности.

Активностите за работа во текот на 2014 година се планираат со динамика што ќе овозможи унапредување на дејностите , понатамошниот развој и подигање на квалитетот на услугите .

Како конкретни програмски задачи во текот на 2014 година планираме :

1. **Водоснабдувањето** е и ќе биде една од клучните и приоритетни задачи и ќе се остварува во правец на подобрување на сигурноста и редовното водоснабдување на квалитетната вода за пиење кое е неминовно поврзано со :

- Реконструкција на пумпи во бунари Граиште и препумпна станица Мургашево со нови пумпни агрегати со комплет на најсовремена автоматика и Скада систем со потребни фасонски делови.
-Изградба на нов резервоар и потисе цевовод н.м. Слепче.
- Предлагање на економска цена на 1м3 вода , ако поскапи цената на индустриска електрична енергија бидејќи истата во вкупната цена опфаќа 40% во вкупните трошоци.
- Санација на кровна конструкција, црпен базен , препумпна станица во Мургашево.
- Намалување на загубите на вода во постоечкиот систем.
- Изнаоѓање на соодветни мерки за намалување на учеството на ел. енергија во цената на 1м3 вода.
- Воведување на автоматика и компјутеризација на препумпната станица во Слепче.
- Тековно и инвестиционо одржување на водоснабдителниот систем во Демир Хисар.
- Редовно испитување на квалитетот на водата за пиење со перманентно хлорирање.

- Изработка на елаборат за одредување на граници на заштитнии заштитни мерки на води на бунари

Овие активности ќе се извршуваат во зависност од расположивите финансиски средства на ЈКП Комуналец , Локалната самоуправа и надлежните министерства.

**2. Одведување и пречистување на отпадните води, ова е една од позначајните дејности** за заштита на животната средина.

Планирани дејности од оваа дејност се следните:

- Изработка на техничка документација за пречистителна станица со кој ке биде опфатена сета канлизациона мрежа од н.м Демир Хисар, Слепче и Суводол и Кутретино
- Изработка на колекторски систем од с. Кутретино до с. Вардино и пречистителна станица за отпадни води со што ќе се заштити Стара река од еколошка катастрофа , а исто така ќе бидат заштитени и подземните води во близина на Црна река , од каде што се водоснбдува Демир Хисар , Слепче Кутретино и др. селски населби.
- Тековно одржување на градската канализациона мрежа.
- Дезинсекција и дератизација на градската канализациона мрежа.

**3. Изнесување и депонирање на смет**

Згрижувањето на комуналниот отпад претставува сериозен еколошки и економски проблем чие решавање ќе влијае врз загадувањето на сите елементи на животната средина и ќе има негативно влијание врз здравјето на луѓето.

Планирани активности :

- Изработка на нова Методологија за пресметка ина цената за интегрално управување со комунален отпад ( Сл.весник бр30/2013 )

- Започнување со селекција на примарен смет и поставување на садови за селекција на хартија и пластика

- Постигнување на висока продуктивност и економичност во работењето.

- Обезбедување на соодветни садови за одлагање на смет во кои ке се врши селекција на сметот од хартија и ПЕТ амбалажа

Набавка на преса за пресовање селектираниот смет

- Вклучување на нови комунални корисници од селските населби: с. Слепче, Кутретино, и Суводол, за кои постапката за започнување со подигање на смет, е пред самиот крај, односно во тек се донесување на правни Акти од страна на Советот на Општина Демир Хисар, и Управниот Одбор на ЈКП , Комуналец,, Демир Хисар.

4. **Одржување на паркови и зеленило и чистење на јавно прометни површини.**

- Активно вклучување во уредување и одржување на Градскиот парк и зелените површини во градот.
- Исто така потребно е да се изградат јавни клозети за потребите на пазарот во пазарен ден.
- Согласно програмата за јавна чистота , напоменуваме дека потребна е корекција на Програмата за јавна чистота од причина што не е исполнат финансовиот дел.

5. **Одржување на пазари**

За потребите на градскиот пазар , потребно за изградба на деловен простор за продажба на мед, млеко и млечни производи во склад со законските прописи.

Финансирањето за изградба и реконструкција на комуналната инфраструктура е долготраен процес и бара големи финансиски средства, кои не можат да се обезбедат само од ЈКП Комуналец односно од цената на комуналната услуга. Во соработка со локалната самоуправа и ресорните министерства Ќе се залагаме за изнаоѓање на финансиски средства за реализација на програмските цели и задачи.

6. **Одржување на гробишта**

Согласно Законот за гробишта и погребални услуги и укажувањата на Државниот комунален инспекторат , започнувајќи од 01.07.2011 година, ЈКП „ Комуналец„ Д. Хисар е управител на градски гробишта Демир Хисар. Во соработка со Управниот Одбор и Советот на општина Демир Хисар, донесени се сите Акти и Правилници, за обавување на ова дејност.

Направен е Катастар на градските гробишта, обележување на гробни места , и воведена е евидентна книга за гробишта.

На градските гробишта поставени се два нови контејнери за смет и неколку канти за смет. Уредени се гробните места за закуп. Редовно се косат, метат, и чистат градските гробишта. Уредно се издават дозволи за погреб, и затоа се води уредна евиденција .

Со воведувањето на катастар, утврдено е дека во градските гробишта има слободни гробни места, и цениме дека за неколку години

проблемот со слободни гробишта ќе се решава во рамките на самите градски гробишта.

Во иднина на располагање е нива од 2 (два) декари, која е откупена од Општина Демир Хисар, за таа намена, за што од страна на ЈКП ,, Комуналец,, се прави проектен план за уредување на истата.

Планираме да оваа година истата се уреди, се парцелизира согласно идејното Решение од наша стручна екипа, со што ќе се оспособи за користење за намената за која е откупена.

За наредната година потребно е во соработка со Црковниот Одбор да се оспособи во рамките на можностите , капелата за погреб на покојни лица.

Со тоа во градските гробишта , целосно би се заокружил процесот на преструктуирање на гробишта во современи градски гробишта , кои во целост би ги задоволувале потребите за извршување на ова дејност.

**Декември , 2014 год.**

**Предлага:**
**ЈКП ,, Комуналец ,,**
**Демир Хисар**

Врз основа на член 14 став 2 од Статутот на ЈКП Комуналец Демир Хисар, Управниот Одбор на ЈКП Комуналец на Седницата одржана на ден 06.12. 2013 година, разгледувајќи ја Програмата за работа за 2014 година на ЈКП Комуналец од Демир Хисар ја донесе следната :

0201-231/3
06.12.2013

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА
ЗА 2014 ГОДИНА НА
ЈКП „ КОМУНАЛЕЦ„ ДЕМИР ХИСАР**

Член 1

Се утврдува Предлог - Одлуката за Програмата за РАБОТА за 2014 година на ЈКП Комуналец Демир Хисар.

Член 2

Составен дел на оваа Предлог - Одлука е Програмата за РАБОТА , со сите нејзини придружни акти.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе биде доставена до Советот на општина Демир Хисар.

**бр.** 0201-231/3
06.12. **2013 год.**
**Демир Хисар**

**Претседател на Управен Одбор
на ЈКП Комуналец Д. Хисар**

**/ Александар Макаријоски /**